**МАКЕДОНСКА НАРОДНА МИТОЛОГИЈА**

**Раководител - главен истражувач:** д-р Танас Вражиновски,
**Соработници:** м-р Љупчо Ристески, м-р Владимир Караџоски и Лола Симоска
**Време на реализација:** 1992-1997 година

Предмет на истражување беше една од позначајните области на народната култура - митологијата, која содржи група на верувања, односно митолошки ликови и претстави и поврзани со нив разновидни магиско - религиозни практики кои на своевиден начин овозможија да го откриеме народниот светоглед на историско-стадијалниот развиток на македонскиот етнос и неговата духовна култура. Научниот проект Македонска народна митологија имаше за цел да се откријат проблемите на генезата на митолошките претстави, нивното место и улогата во дадениот религиозен систем, како и општественото условување на нивниот развој, функционирање и исчезнување, односно да се согледа современата состојба во областа на митологијата. Како резултат на работата на овој проект беше собран богат теренски материјал и од него произлегоа неколку научни публикации.